Игор Исаковски

# Дека да

Културна установа Блесок
ЕДИЦИЈА БОРЕА
2015

Copyright © Блесок, 2015.

Ниеден дел од оваа публикација не смее да биде репродуциран на кој било начин без претходна писмена согласност на издавачот.

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека “Св. Климент Охридски”, Скопје

821.163.3-1

ИСАКОВСКИ, Игор
Дека да / Игор Исаковски. - Скопје : Блесок, 2015. - 149 стр. ; 17 см. - (Едиција Бореа)

El amor en los tiempos del cólera / Елизабета Баковска: стр. 141-145. - Слика и белешка за авторот: стр. 147-[149]

ISBN 978-9989-59-632-2

COBISS.MK-ID 99267594a

**Игор Исаковски**

# ДЕКА ДА

Културна установа БЛЕСОК
Скопје, 2015

СОДРЖИНА


* * * 11
Како тивко... 12
Напишано во еден ден... 13
Можење, замена за сакање 14
* * * 16
На пристаништето 17
* * * 18
* * * 19
* * * 20
Во куќата на дрвото 21
Стави ме во кутијата со сешто 22
Ветрот низ шумата свири како органист 23
Сите врати ти се секогаш отворени 24
Ја средуваш куќата додека јас гледам низ облаците 25
Пак ти пишувам писмо 26
Мирно е езерото на хоризонтот 27
Ти варам чај пред изгрејсонце 28
Твојот мирис останува и откако ќе заминеш 29
Низ круните се тркалаат смеа и бакнежи во клопче кое само лавина може да донесе 30
Писма полни тишина 31
* * * 32
Сакам кога ме надополнуваш 33
Чад, стивнат 34
Отворено е 35
Писмо. За тебе. 36
Таа птица: ч. 37
Капки музика 38
Ниско спуштени облаци 39
Цветови што мирисаат на кожа 40
Музиката на бедрата 41
Додека чекориш.... 42
Пишување 43
Слушај: 44
Ноќта добива крилја 45

| | |
|---|---|
| Tom waits, nick cave, ...: Излегување од сенките | 46 |
| 1. Црни чевли | 46 |
| 2. Длабински снимки, искри од дланките | 47 |
| 3. Љубовно писмо | 48 |
| * * * | 49 |
| Вител, силен; вител врел и моќен | 50 |
| * * * | 52 |
| Впивање, испивање | 53 |
| Дожд | 54 |
| Дишење. Лесно и широко. | 55 |
| Inxs – never tear us apart | 56 |
| Јас не знам каква ми е душата сега, | 57 |
| Но знам што посакува | 57 |
| Но, тоа не е сè! | 58 |
| (Надничарска / писмо) | 58 |
| Ќе спијам | 61 |
| Ноќни разгледници | 62 |
| Низ клисурата и преку реката | 64 |
| Во пресекот | 65 |
| Наближува пролет | 66 |
| Дека да: (4) | 68 |
| Твоите дланки: | 69 |
| Свет вон светови | 71 |
| Слобода, времена | 73 |
| Знаеш | 74 |
| Како, ти... | 76 |
| * * * | 77 |
| Две работи, двапати | 78 |
| Across the peninsula | 80 |
| Спиење со тебе | 81 |
| Твоите усни | 82 |
| Јас: ти би сакала | 83 |
| Нараснува тишината | 85 |
| Кога ќе се стемни | 87 |
| Лаванда, знаци | 89 |
| Чекорам со шишиња во дланките | 91 |

Во сликите, ко сениште 93
Утробата ми мириса на жар што тлее 94
Стратосферата се напнува 95
Писмо од тесто и птичја песна 96
Не сум ти рекол, ми се чини... 98
Во секоја голтка пак жед наоѓам 100
За убавината 102
* * * (Тоа) 103
* * * (Ние) 104
* * * 105
Река, ’рбет, хармоника 106
Ти знаеш повеќе 107
Муграта молчеше 108
Твојата песна продолжи 111
Сум 112
Се смеам 113
Додека 114
Нека: 116
Не знам 117
Одеднаш 119
Ме боли, на најтивко 121
Приспивна 123
Ако некогаш заминам 125
Од тебе, од нас, од себе 125
* * * 127
Ние сме круг, невиден, скришен. 128
Милни лузни 130
Мирисам на тебе 131
Очи мои, огледални, пресликани 132
Срчи и комети низ синилото 134
Стави ми чај 137
* * * 138
* * * (Требаше да си овде, 2) 139
Копнежот го зголемува стисокот 140
El amor en los tiempos del cólera 141
Белешка за авторот 147

* * *

во оваа пролетна есен
јас размислувам за огнови:
само низ нив минувајќи
можеш да знаеш дали си
огноотпорен, или ќе
изгориш, како високо
самотно дрво во далечна
голема гора

да изгорам, во тебе,
конечно и неповратно,
да се претворам во зажарен
збор или во еден кус огнен здив
одејќи

## КАКО ТИВКО...

како тивко свири на jazz fm.
како што јас типкам.
како е тивко некако надвор.
како кога ти го слушам здивот
    додека се опушташ
(дали така заспиваше онаа доцна ноќ,
она рано сабајле во кое знаевме
дека пак ќе мораме да се разделиме?)

како тивко копнеам по тебе
со денови и ноќи
(за кои престана и да се прашуваш какви се
веројатно зашто знаеш дека се само твои)

како тивко, како тивко
сега те повикувам, те барам
низ сите електронски лавиринти
за да те најдам само во моето тело

(метафизика си на допирот:
можеби затоа понекогаш
ме здоболува што те нема)

## НАПИШАНО ВО ЕДЕН ДЕН...

во еден ден ти напишав
писма колку за еден месец
врз нив залепив стихови
и кога сега ќе ги погледнам
ми се чини дека си го гледам пулсот
во постојано баботење по тебе

во еден ден ти напишав
писма колку за еден месец
па сега не знам дали можеш
да дишеш под тој товар зборови
дали воопшто можеш да ѕирнеш
низ купот темни и светли болки

она што не ти го напишав тој ден
го допишувам во сите следни и идни
зашто одамна знам, ние никогаш
нема да се дозбориме –
одамна почнавме
и низ тишината да разговараме

МОЖЕЊЕ, ЗАМЕНА ЗА САКАЊЕ

како можам, седнат и со скрстени нозе,
на својот сопствен и единствен работен стол,
да ревам низ себе, да ревам како ранет ѕвер,
да ревам најгласно и тивко да крцкам со забите –
како штетник фатен во примитивна замка?

како можам, седнат на својот стол,
тапациран со стихови, пот и крв
(крв само од хемороиди и плуканици,
да не ве чујам ова да го мистифицирате!)
да мислам на неа, мојата љубов,
полн светлини и сили кои ќе ја кренат
кон сфери во кои полесно се дише?

како можам пред себе да се оправдам
јас, акмакот збеснат, кој си вети
и книгата и сонот и сè ќе заврши
со претходната песна, со сите писма
напишани а повеќето непратени,
напишани токму на овој ебан стол?
(не знам како, но ете, пак
песна која реви со нежност.)

како и да е, знам: и оваа ќе ја завршам.
за тебе, за неа. за мене. за моја душа.
(гледај, љубов, како зборовите
се склопуваат – сами од себе
како во магија. од здив или бакнеж,
но магија секако. гледај. и диши.)

* * *

спокојни под браната:
знаеме дека малиот прст
ја чува од излевање.

но, притисокот
одеднаш се зголемува:
во ушите ни пишти –
тревога.

нараснува реката.

ги затвораме очите
надевајќи се: поплавата
овој пат ќе нè одмине.

## НА ПРИСТАНИШТЕТО

еден по еден
сите бродови во пристаништето
ги забревтаа своите дизел мотори

водата остана мирна
спокојна како здив на бебе
во длабок сон

никаде не тргнаа бродовите
само на небото облаците
продолжија да јурат

шибаше ветер на планините
почна да мириса на дожд
почна да мириса на сол